Life WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 02 - 4593/1
19.06 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, член 163, став 1, точка 14 од Законот за супервизија на осигурување, одредбите на Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и член 34 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје (во натамошниот текст: Друштвото), и член 4 од Правилникот за работа на Управниот одбор, Управниот одбор на Друштвото на својата 27ма седница на ден 19.06.2025 година донесе:

# ОДЛУКА

**за усвојување на измени на посебни услови за осигурување во случај на смрт на Друштвото**

**Член 1**

Управниот одбор на Друштвото одлучи за измена на Посебните услови за осигурување во случај на смрт, доживување и настапување на тешки болести на Друштвото како во член 2 од оваа Одлука.

**Член 2**

Во **Посебните услови за осигурување во случај на смрт, доживување и настапување на тешки болести** се вршат следните измени**:**

1. Досегашната формулација на поднасловот WLMLD-3/2023 се менува и по извршената промена гласи **WLMLD-4/2025.**

2. **Точка 4 од членот 5, дел V. ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ ЗА ДЕЦАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ**, формулацијата „Осигурителот на осигуреникот за детето му исплаќа 50% од осигурената сума во случај на настапување на една од наведените тешки болести од точка 2 од овој член," се менува и по извршената промена гласи: „Осигурителот на осигуреникот за детето му исплаќа **100%** од осигурената сума во случај на настапување на една од наведените тешки болести од точка 2 од овој член,".

3. **Точка 5, од членот 5, дел V. ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ ЗА ДЕЦАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ**, формулацијата „За секое дете на осигуреникот, осигурителот исплаќа 50% од осигурената сума која е наведена во полисата за осигурување за само една тешка болест во текот на траењето на осигурувањето." се менува и по извршената промена гласи: „За секое дете на осигуреникот, осигурителот исплаќа **100%** од осигурената сума која е наведена во полисата за осигурување за само една тешка болест во текот на траењето на осигурувањето. ".

4. **Точка 5, потточка 5 од член 11, дел XI. ПОЧЕТОК И ИСТЕК НА ОСИГУРУВАЊЕТО,** се менува и по извршената промена гласи: „со исплата на осигурената сума во случај на настапување на тешка болест **кај родителот** или со исплата на осигурена сума во случај на смрт."

5. **Точка 4 од членот 16, дел XVI. ИСПЛАТА НА ОСИГУРЕНА СУМА,** се менува и по извршената промена гласи: „ Со исплата на осигурена сума по основ на настапување на одредена тешка болест **кај родителот** престанува да важи осигурувањето во случај на смрт и доживување, како и сите останати дополнителни или посебни осигурувања наведени во полисата за осигурување, така што од тој момент не постои осигурително покритие по ниту една основа."

**Член 3**

Предметните Посебни услови за осигурување на Друштвото (со извршени соодветни измени) се составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука заедно со предметните Посебни услови за осигурување на Друштвото (со извршени соодветни измени), ќе бидат доставени до Агенцијата за супервизија на осигурување.

Оваа Одлука заедно со предметните Посебни услови за осигурување на Друштвото (со извршени соодветни измени), ќе бидат објавени на интернет страницата на Друштвото.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето, а претходнонаведените Услови ќе започнат да се применуваат од **01.07.2025.**

## Образложение

Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје одлучи да изврши промена на следните Услови за осигурување на Друштвото:

- Посебни услови за осигурување во случај на смрт, доживување и настапување на тешки болести на Друштвото.

Предметните Услови за осигурување на Друштвото (со вградени соодветни измени) се составен дел на оваа Одлука. Оваа Одлука, предметните Услови (со вградени соодветни измени), како и соодветно известување за извршените промени, ќе бидат доставени до Агенцијата за супервизија на осигурување, во рокот пропишан со позитивните прописи.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп Скопје**

Претседател на управен одбор

Дарко Дедиќ

Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ WINNER Life VIENNA INSURANCE GROUP СКОПЈЕ Виена Иншуренс Груп

Член на управен одбор

Милан Антовски


Ул. ,,11 Октомври,, бр. 25 кат 8 1000 Скопје, Р. С. Македонија Тел./факс: +389 (02) 3114 333 е-пошта: life@winnerlife.mk